# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ- СКРИПТА „ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН” ОД ДОЦ. Д-Р КАТЕРИНА ДЕСПОТ И ДОЦ. Д-Р ВАСКА САНДЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлука бр. 2202-165/19 од 7. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 21.5.2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– доцент д-р Петар Намичев од Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот Гоце Делчев во Штип;
– вонреден проф. Тони Васиќ на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ - Скопје;

за изготвување на извештај – рецензија на приложената скрипта „Индустриски дизајн” од авторите доц. д-р Катерина Деспот и доц. д-р Васка Сандева, наменета за студенти на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот за скриптата, Комисијата од Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот - скрипта:** Насловот на ракописот скриптата е **„ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН - скрипта”**, предметот е со наслов Индустриски дизајн и се слуша во VI семестар како задолжителен предмет, со фонд на часови 3+2+2. Материјалот кој е опфатен во ракописот - скрипта е во согласност со Наставната програма по предметот Индустриски дизајн и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Материјалот е презентиран на 177 страници во А4 формат со нормален проред и содржи 182 слики. Обемот на ракописот скрипта по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракопис - скрипта со ист или сличен наслов досега е објавен.

**Краток опис на содржината:** Презентираниот материјал во трудот опфаќа два дела, прв дел историја на индустриски дизајн и втор дел теорија и дизајнерскиот процес во индустрискиот дизајн.

Учебникот – скрипта содржи материјал првенствено за студентите по архитектура и дизајн.

Во рамките на оваа скрипта е разгледан периодот на историскиот развој на индустриски дизајн и се опфатени голем дел на стилови и дизајнери кои имаат силно влијание врз неговиот развој.

Во првиот дел се одделува внимание на историско креативните принципи во изучување на фактите и појавите.

Опфатено е претставувањето на историските факти, разгледани во нивната специфична заедничка врска и влијанието на општествениот, културниот и економскиот развој на различните земји. Развојот на историјата на индустрискиот дизајн не е анализиран одделно во секоја земја, а е ставен акцент на моменти во историјата кој одбележуваат период и го навестуваат почетокот на следниот.

Покажано е дека идејно - естетските и креативните центри на дизајнерската активност се променуваат во зависниот од конкретни историски услови и развојот на дизајнот не се состои само од врвните достигнувања, тоа претставува долгогодишни искуства на социјален, креативен и професионален план.

Вториот дел е прецизирано современото разбирање на поимот форма, формоизградување, функција, функционалност, квалитет и оценување на корисничките својства на индустриските производи. Индустрискиот дизајн е творечка активност за да се одреди надворешно квалитетот на индустриски произведените предмети.

Претставено е дека индустрискиот дизајн област која е директно произлезена од современата технологија, каде што масовното производство и дистрибуција на потрошените добра создала побарувања кои можат да бидат задоволени со квалитетни производи за потребите на човекот.

Затоа интередисциплинарното и мултидисциплинарното третирање на дизајнот претставува вистински и правилен пристап, со примена на повеќе научни дисциплини во процесот на развој на производите,односно методологијата на индустрискиот дизајн.

Во продолжението на материјалот се опфатени многубројни слики и стилови кои придонесуваат кон подобра разработка на индустриски производи. Опфатен е процесот на дизајнирање од анализа до завршен продукт.

На овој начин на корисникот на овој труд му се дава општ преглед за секоја фаза од разработката за еден продукт и широко познавање од развојот на историјата на индустрискиот дизајн.

Материјалот при презентацијата, иако обемен, е селектиран во рамките на капацитетот и наставната програма на учебникот за овој предмет.

На крајот од ракописот, авторките наведуваат 39 наслови на литература и веб-страници од интернет кои се користени при пишувањето на ракописот.

## ЗАКЛУЧОК

Од напред изнесеното, Комисијата констатираше дека ракописот скрипта со наслов **„Индустриски дизајн - практикум”,** пријавен од доц. д-р Катерина Деспот и доц. д-р Васка Сандева, е напишан според програмската содржина на предметот за кој е наменет, ги задоволува критериумите за објавување и ќе биде од голема корист на студентите за совладување на наставните содржини по истиот.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки да го прифати рецензираниот ракопис скрипта со наслов „Индустриски дизајн - скрипта”, пријавен од авторките доц. д-р Катерина Деспот и доц. д-р Васка Сандева и истиот да го одобри за користење како учебно помагало рецензирана скрипта, а воедно и да им предложи на органите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, негово соодветно издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д- р Петар Намичев, доцент, с.р.**
**Д-р Тони Васиќ, вонреден професор, с.р.**